55827

САБОТА И НЕДЕЛА
12 И 13 ФЕВРУАРИ 2005 | Вечер 12 815, стр 14

ГРАДСКОТО ЈАДРО ЌЕ ДОБИЕ МАРКАНТНО ОБЕЛЕЖЈЕ

# На плоштадот "Македонија"- фонтана на животот

*Даниела ТРАЈКОВСКА*



ФОТО:В.ПЕРКОВСКИ

*Фонтана со широчина од 25 до 27 метри, во чиј средишен дел се наоѓа обелиск*

Плоштадот „Македонија" во текот на наредните месеци ќе добие најграндиозна фонтана на Балканот. Градските власти стартуваат со нов проект за изгледот на обележјето на централното градско подрачје, кое ќе биде изработено врз идејното решение на доајените на македонската уметност, академските скулптори Петар Хаџи Бошков и Димитар Кондовски и со доработка на Рубенс Корубин.

- Се работи за фонтана со широчина од 25 до 27 метри, во чиј средишен дел се наоѓа обелиск, скулптура изработена од Хаџи Бошков. Таа содржи и посебни македонски обележја, при што доминираат разработките на 12 македонски сонца на Димитар Кондовски, кои во мозаик ќе ги изведува Рубенс Корубин. Ќе има и 12 апликации, исто така на Кондовски, што ќе се наоѓаат во подножјето на самата фонтана. Проектот веќе започна и во моментот се реализира макетата за скулптура од стиропор, која ќе биде излиена во бронза, а самата постапка ќе трае осум месеци. Паралелно се работи и на проектот за водените и светлосните ефекти, кој деновиве треба да биде завршен, по што ќе преминеме на изработка на главниот проект, а летово очекуваме да се почне со градежните работи. Фонтаната ќе даде посебна целина и изглед на градскиот центар и плоштадот, објаснува Ристо Пенов, градоначалник на Скопје.

Според Зоран Тониќ, главниот градски архитект, таа ќе биде најголема на овие простори, а од технички аспект и прилично сложено решение. Тој објаснува дека ќе биде работена со најсовремена компјутерска техника за создавање на посебни ефекти поврзани со игра на вода и светлина.

- Со скулптурата, која е висока девет метри, сакавме да го прикажеме пулсирањето, односно движењето на животот. Во фонтаната се вткаени и повеќе симболи од нашата историја, фолклорот и поднебјето, велат авторите.